Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,1/21,11/25 ,13/25 и 04/26) постапувајќи по барање на **Општина Аеродром** за сечење на дрво Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (орев) што се наоѓа кај игралиштето Ентернет **на бул.”Јане Сандански” бр.104 – Скопје.**
2. Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обврзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение да изврши компензациско садење на 1(едно) дрво постаро од 6 години на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно во пречник од 500 м од исеченото стебло.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Општина Аеродром, бул.”Јане Сандански” бр.109Б- Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/444** од **28.05.2026** година за сечење на дрвото што се наоѓа кај игралиштето Ентернет **на бул.”Јане Сандански” бр.104 – Скопје.**

Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" –Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвото предмет на барањето со своите корења навлегува во водоводна цевка која ја затнува и предизвикува материјална штета.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.42/20 и 224/24 јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и поради состојбата во која се наоѓа дрвото одлучено е дека истото треба да се исече при што е наметнато компензационо садење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/444/2**
**21.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

__________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

__________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

__________________

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

__________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,1/21,11/25 ,13/25 И 04/26) постапувајќи по барање на **Општина Аеродром** за кастрење на дрва Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1.**СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 11(единаесет) дрва (3 јавори, 3 брусонеции, 2 дудинки, 2 липи и кедар) што се наоѓаат на паркингот пред зградите **на бул."Јане Сандански" од бр.104 до 108 - Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Општина Аеродром, бул."Јане Сандански" бр.109Б- Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/444** од **28.05.2026** година за кастрење на дрвата што се наоѓаат на паркингот пред зградите **на бул."Јане Сандански" од бр.104 до 108– Скопје.**
Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвата предмет на барањето имаат ниски надвиснати гранки коишто пречат на паркираните возила.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри  па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/444/3**
**21.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

_________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

_________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_________________

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

_________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP